# Што е нето-нула трансформација?

Низ цела Австралија, владите, бизнисите и заедниците работат заедно за да постигнат нето-нула емисии на стакленички гасови до 2050 година.





**Што е нето-нула?** Нето-нула значи урамнотежување на количината на емисии на стакленички гасови што се ослободуваат во атмосферата и се отстрануваат од неа.



## Како можеме да постигнеме нето-нула емисии?

Постигнувањето на нето-нула е многу повеќе од едноставен премин на обновлива енергија. За тоа е потребна голема економска трансформација, особено во нашите важни регионални заедници.

Некои од начините на кои градиме нето-нула економија вклучуваат:

- **Изградба на нова енергетска инфраструктура, како што е енергијата од ветар, сонце и батерии**
- **Изградба на нови индустрии за иднината, како што е производството на водород за почисто гориво**
- **Декарбонизирање на постоечките индустрии, како што се производството, земјоделството и рударството**
- **Производство на обновливи технологии, како што се соларните панели**
- **Нови иницијативи за истражување и комерцијализација**
- **Обука на нови и сегашни работници**
- **Подобрување на нашите градови преку намалување на отпадот и зголемување на енергетската ефикасност на зградите.**






Посетете ја веб-страницата **futuremadeinaustralia.gov.au** да дознаете повеќе за нашето патешествие до нето-нула целта.

Australian Government